Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 октомври 2022 година

Скопје, октомври 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 октомври 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:00 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Славјанка Петровска, министер

за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација во врска со донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за квалитет на течните горива

2. Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки

3. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за квалитет на течните горива.

Заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Христина Оџаклиеска, го издвои своето мислење по однос на овој заклучок.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври“ - Ден на народното востание, ги донесе следните заклучоци:

1. Владина делегација за Куманово, во состав:

- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и
- м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација,

да присуствуваат на положување на цвеќе на централната манифестација на Спомен Костурницата во Куманово на 11 октомври 2022 година.

2. Владина делегација за Скопје, во состав:

- м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење,
- Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и
- Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана,

да присуствуваат на положување цвеќе пред споменикот „Ослободители на Скопје“ пред Владата на Република Северна Македонија на 11 октомври 2022 година.

3. Владина делегација за Прилеп, во состав:

- доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура,

- доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство и
- Џемил Ќамили, в.д директор на Агенција за поттикнување за развој на земјоделството

да присуствуваат на положување цвеќе во Прилеп на 11-ти Октомври 2022 година пред споменикот на Методија Андонов-Ченто, пред споменикот на Кузман Јосифоски-Питу, поклонување пред бистите во Алејата на народните херои, положување на цвеќе пред споменикот „Жена борец“ и пред Могилата на непобедените.

4. Се формира Организационен одбор за прослава на државниот празник „11 Октомври“ – Ден на народното востание во состав: Мартин Попов, шеф на Кабинет на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжени за организација на настани - секретар за комуникации, односи со јавност и протокол Ана Андреева, соработник за комуникации и односи со јавност, координација на министерства и владини институции, Соња Трпчевска Јанковска, претставник од Министерството за внатрешни работи, претставник од Министерството за одбрана и претставник од Министерството за култура. Организацискиот одбор може да се дополнува со членови според потребите кои ќе се утврдат.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (Фод ДООЕЛ, Битола), да ги покријат трошоците за логистичката и техничката поддршка за одржување на централниот настан за одбележување на државниот празник „11 Октомври“ – Ден на народното востание на Спомен Костурницата во Куманово.

6. Се задолжува Одделението за протокол од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да прати покани на планирани присутни гости на централната манифестација на Спомен Костурницата во Куманово.

7. Се задолжува Одделението за протокол од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го организира протоколарното положување на цвеќе на сите локации за сите делегации.

8. Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи за сите локации како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази).

9. Се укажува на Јавното претпријатие Националната радио - телевизија на Република Северна Македонија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот „11 Октомври“ – Ден на народното востание од Куманово и од Скопје.

10. Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Владата на Република Северна Македонија да направи сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

11. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности за обезбедување на настанот на сите локации на кои се чествува празникот.

12. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила за сите локации на кои се чествува празникот.

13. Се задолжува Националната опера и балет да обезбеди хор за настап на централната манифестација на Спомен Костурницата во Куманово.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**